Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје

| Примено: | 11.02 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 64/1 | | |

Архивски знак: 0306
Рок на чување: 10
13.04.2021 година
Потпис.

# Барање за пристап до информации од јавен карактер

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: info@kolektorskisistem.com.mk; jpkolektorskisistem@yahoo.com

Date: Wednesday, February 10, 2021, 03:21 PM GMT+1

Почитувани,

Во согласност со Архуската конвенција, како и врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и член 51 од Законот за животна средина (и подоцнежните измени и дополнувања), до имателот го доставуваме следното барање за информации од јавен карактер.

**1.** Според годишната Инвестициска програма за ЈП Колекторски систем за 2021 г. од државниот буџет било планирано да се добијат 132 мил. денари. Меѓутоа, со распределбата на државниот буџет за 2021 г., за колекторскиот систем Охрид Струга беа алоцирани 35 мил. денари и тие не се наменети за ЈП Колекторски систем. Како ќе бидат обезбедени средствата кои според годишната Инвестициска програма на ЈП Колекторски систем за 2021 г. беа предвидени да бидат обезбедени од државниот буџет?

**2.** Имајќи го во вид фактот што во буџетот за 2021 г. не се предвидени средства за ЈП Колекторски систем, бараме да ни се достави ажуриран пресек на планските активности предвидени со годишната Инвестициска програма за 2021 г. според изворите на финансирање со назнака дали средствата се веќе обезбедени или се очекува да се обезбедуваат тековно.

**3.** Дали се отпочнати планираните активности за санација на колекторскиот систем за првото тримесечје според Инвестицискиот план за 2021 г. и кои се тие активности поконкретно?

**4.** Во Бизнис планот на 2021-2023 стои дека во 2021 г. се планира да започне реконструкцијата на пречистителната станица во Ложани „за која веќе има изготвен проект преку ИПАРД програмата во вредност од 553.500.000 ден.". Со оглед дека ова не е наведено во Инвестицискиот план за 2021 г. би сакале да знаеме каков е статусот на овој планиран проект.

**5.** На 44. седница на влада одржана на 09.02.2021 г. усвоена е информација за Проект за колекторски систем од Радожда до Калишта – Струга. Овој проект, исто така, не се спомнува во Бизнис планот 2021 - 2023 г. Дали се работи за инвестиција која ќе се работи надвор од ЈП Колекторски систем?

**6.** Според последните информации кои ги добивме од ЈП Колекторски систем во август 2020 г., за услугите обезбедени од страна на „Еко Тим" ДОО Скопје во текот на 2020 г. недостигаа уште 96.197.133 ден. Дали истите се исплатени во целост, од каде беа обезбедени средствата и доколку не, колкав е преостанатиот долг кон „Еко Тим" ДОО Скопје?

**7.** Каква е состојбата со пречистителната станица во Враништа? Со колкав капацитет работи во моментов? Според изјавите на одговорните лица во медиумите во мај 2020 г., јавноста беше информирана дека таа работи со половина капацитет. Исто така беше кажано дека тоа е како резултат на технички проблеми (дотрајаност), но и како резултат на навлегување на муљ, подземни води, итн. Дали со интервенциите во текот на 2020 г. нешто се подобри од тој аспект?

**8.** Колкав е бројот на евидентирани проблеми во фунционирањето на колекторскиот систем поради кои постои можност да се влијаело негативно на водите на Охридско Езеро во периодот од август 2020 г. кога завршија активностите на Еко Тим ДОО Скопје до денес? (На пример: истекување на непрочистени води во Езерото, излевање на шахти, неработење на пумпи итн.) Бараме истите да се категоризираат според вид на проблем и број на инциденти.

**9.** Да ни се достави информација за случај со истекување отпадна вода од препумпната станица кај Подмоље во Охридско Езеро според видеото објавено на 10 јануари 2021 г.

Ве молиме, бараните информации да ни бидат доставени во електронски формат на оваа е-адреса во најкусо време.

Однапред благодариме.

Овластено лице:
Владимир Трајановски
Тел. 075 517 317

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

**Blog:** OhridSOS
**FB:** OhridSOS
**Twitter:** OhridSOS

Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit
Бр./Nr. 03-64/2
10.03 2021 год./vit.



# Re: Барање за пристап до информации од јавен карактер

From: JP kolektorskisistem (jpkolektorskisistem@yahoo.com)

To: ohridsos@gmail.com

Date: Wednesday, March 10, 2021, 02:44 PM GMT+1

Врска Вашето барање за информација од јавен карактер Ви го доставуваме следниот одговор:
1. Средствата согласно инвестиционата програма ќе бидат обезбедени во тековната година согласно потребите кои беа изнесени уште пред спремањето на Буџетот на РСМ.
2. Како што и Ви одговоривме во првата ставка, средствата ќе бидат тековно обезбедувани.
3. До моментов имаме отпочнато со следните активности кои беа планирани во првото тромесечие:
- отстранување на инфилтрација
- репарација на полжни пумпи
- санација на пречистителна станица
- изработка на проектни задачи за енергетска ефикасност

4. Врска проектот за реконструкција на пречистителната станица во тек се преговори за изнаоѓање начин за обезбедување на средства од страна на ИПАРД програмата
5. Во тек се разговори за начинот на отпочнување на работите врска проектот Радожда - Калишта
6. Во целост се обезбедени средства и истите се исплатени према фирмата ЕКО ТИМ. Средставта се обезбедени уште во текот на 2020 година како дел од ребалансот на буџетот.
7. Пречистителната станица работи со половичен капацитет и сето тоа е како резултат на дотраеноста на истата. Но сепак резултатите кои се добиваат на излез од нез ги задоволуваат бараните стандарди. Истата како што и напоменавме ќе биде целосно реконструирана со обезбедување на средства преку ИПАРД програмата. Во моментов тековно се работи на подобрување на работата на истата согласно обезбедените средства.
8. После интервенцијата само во еден наврат при обилни врнежи имавме проблеми со истекување на измешани атмосферски и отпадни води но сето поради неодделеноста на атмосферската од секундарната канализација во Општините Охрид и Струга.
9. Информацијата врска истекувањето на отпадна вода од препумпната станица е многу пати проверувана и лиферувана од Ваша страна и од страна на инспекциските служби кои на неколку наврати не посетија и извршија и редовни но и вонредни надзори, при што во сите нацрати е укажано на преголемите количини на атмосферски води кои нажалост завршуваат во колекторскиот систем кој е предвиден и изграден за потребите на одведување и третман на отпадни води за еквивелнт 120000 жители но не и за огромни количестав на атмосферска вода.
Како и секогаш така и сега Ве покануваме за секои Ваши идни потреби од дообјаснувања да не посетите во нашите простории каде поопширно ќе Ви бидат презентирани одго ворите на Вашите барања.
ЈП Колекторски систем

> On Wednesday, February 10, 2021, 03:21:13 PM GMT+1, Ohrid SOS <ohridsos@gmail.com> wrote: